# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

4 април 2008 | Излегува по потреба | Година III | број 4



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за формирање на Локален совет за превенција**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Локален совет за превенција, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1832/1**
**од 04.04.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02) член 6 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04), а во врска со член 11 став 3 и член 25 став 3 од Законот за полиција ("Службен весник на РМ" бр.114/06) Советот на Општина Гази Баба на Триесет и шесттата седница одржана на 31.03.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## За формирање на Локален совет за превенција

**Член 1**

Се формира Локален совет за превенција како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

**Член 2**

Целта на Локалниот совет за превенција е изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Гази Баба, како и градење на доверба и партнерски односи во превентирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Член 3**

Локалниот совет за превенција е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации.

**Член 4**

Со Локалниот совет за превенција заседава Градоначалникот на Општина Гази Баба Коце Трајановски.

Претставници на Советот од член 1 на оваа Одлука се:

1. Џулијана Мишевска, - Јавен обвинител -Основно јавно обвинителство -Скопје;
2. Љубен Митровски - Командир на Полициска станица -Автокоманда;
3. Благородна Дулиќ - Пратеник во Собранието на РМ;
4. Кире Бузлиев - Претседател на Советот на Општина Гази Баба;
5. Тони Трајковски, Јасминка Георгиева, Хајредин Сулис и Живко Зафировски - членови на Советот на Општина Гази Баба;
6. Мирко Передевски - претставник од Министерство за правда;
7. Марија Миланова - претставник од Министерство за здравство;
8. Миливое Игњатовиќ-Мики - претставник од Министерство за одбрана;
9. Шабедин Љачи - претставник од Министерство за образование;
10. Македонка Димова - претставник од Центарот за социјални работи;
11. Алберт Џалевиќ - претставник на НВО -"Младински совет на Гази Баба";
12. Славе Костадиновски - претставник од МПЦ;
13. Али Садиќи - претставник од ИВЗ;
14. Жарко Ципунов - претставник од НВО -"Алка";
15. Томислав Атанасовски - претставник на МТМ телевизија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Б аба".

**Бр.07-1516/2**
**Од 31.03.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Претседател**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.2/06) Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за формирање на партиципативно тело од областа од на урбанизмот во Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1832/2**
**од 04.04.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 17, став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05) и член 43, 44 и 45 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и шесттата седница одржана на 31.03.2008 година, донесе

# О Д Л У К А
# За формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира партиципативно тело од областа на урбанизмот како посебно тело на Општина Гази Баба (во понатамошниот текст -Партиципативно тело), и се утврдува неговата надлежност и состав.

**Член 2**

Партиципативното тело се формира заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи, насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за Општината.

**Член 3**

Партиципативното тело се состои од 9 члена, и тоа:
- ГОРАНЧО ПАУНОВ - претставник од Советот на Општина Гази Баба
- ЕЛИЗАБЕТА СПАСОВСКА- претставник од Советот на Општина Гази Баба
- ЕЉФЕТ ИСМАИЛИ - претставник од Советот на Општина Гази Баба
- ДУШАНКА АТАНАСОВСКА - стручно лице од Општинската администрација на Општина Гази Баба
- СТОЈКА ДОЛИЌОСКА - стручно лице од Општинската администрација на Општина Гази Баба
- ИВО ГЕОРГИЕВ - истакнато стручно лице од областа на урбанизмот
- МИРЈАНА ЕФРЕМОВА - истакнато стручно лице од областа на урбанизмот
- БОРЧЕ ДЕСКОВ - претставник од Здружение на граѓани
- СТОИЛЕ СТОЈКОВ - претставник од Здружение на граѓани

**Член 4**

Партиципативното тело од редот на своите членови избира претседател.

**Член 5**

Оваа Олука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-1516/3**
**од 31.03.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.2/06) Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за отворање на бизнис картички на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за отворање на бизнис картички на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1832/3**
**од 04.04.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и шесттата седница одржана на 31.03.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За отворање на бизнис картички на Општина Гази Баба**

**Член 1**

Се одобрува отворање на бизнис картички на Општина Гази Баба за користење на средства од Буџетот на Општината и тоа: Мастер бизнис картичка во Комерцијална Банка АД Скопје; Виза бизнис картичка во Стопанска Банка АД Скопје и Дајнерс бизнис картичка во Дајнерс Клуб Скопје.

**Член 2**

Се овластуваат Градоначалникот и Секретарот на Општина Гази Баба Скопје да располагаат со средствата од Буџетот на Општината преку Мастер, Виза и Дајнерс бизнис картички.

**Член 3**

На Градоначалникот и на Секретарот на Општина Гази Баба им се одобрува користење Мастер, Виса и Динерс картички за службени патувања во земјата и странство.

**Член 4**

Средствата се предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба и тоа: за Градоначалникот во Програма -ДО, ставка 420 -Патни и дневни расходи, а за Секретарот по Програма -ЕО, ставка 420 -Патни и дневни расходи.

**Член 5**

Евиденцијата на банкарските трансакции во врска со користењето на картичките ќе ја врши Секторот за финансии и буџет на Општина Гази Баба.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07-1516/4**
**Од 31.03.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Претседател**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.2/06) Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Програмата за одржување на јавни зелени површини, комунална хигиена и водоснабдување на населението на подрачјето Општина Гази Баба за 2008 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Програмата за одржување на јавни зелени површини, комунална хигиена и водоснабдување на населението на подрачјето на Општина Гази Баба за 2008 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1832/4**
**од 04.04.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 11, став 1, точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 21 од Одлуката за основање на Јавното комунално претпријатие на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/07 и 4/07), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и шесттата седница одржана на 31.03.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Програмата за одржување на јавни зелени површини, комунална хигиена и водоснабдување на населението на подрачјето Општина Гази Баба за 2008 година**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Програмата за одржување на јавни зелени површини, комунална хигиена и водоснабдување на населението на подрачјето на Општина Гази Баба за 2008 година, бр.02-15/3 од 24.03.2008 година, донесена од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА-2007" -Скопје на ден 24.03.2008 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА-2007" -Скопје.

**Член 3**

Оваа Олука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-1516/5**
**од 31.03.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

# СОДРЖИНА


1. ОДЛУКА за формирање на Локален совет за превенција . . . . . . . . . . 2

2. ОДЛУКА за формирање на партиципативно тело
од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . 4

3. ОДЛУКА за отворање на бизнис картички на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . 6

4. ОДЛУКА за давање согласност на Програмата за одржување
на јавни зелени површини, комунална хигиена и водоснабдување
на населението на подрачјето Општина Гази Баба за 2008 година . . . . . . . . . . 8



"Службен гласник на Општина Гази Баба"

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Љубомир Велевски
бул. Александар Македонски 6б - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци